Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната („Сл. весник на РМ“ бр. 58/00, 44/02, 82/2008, 167/10, 51/11, 96/2019 и 110/2019) член 30 од Законот за основно образование (Службен весник на РСМ, бр. 161 од 5.8.2019 година), министерот за образование и наука донесе наставна програма по предметот **МОДЕРЕН БАЛЕТ** за II одделение од шестгодишното основно балетско образование, според која ќе се реализира настава и во V одделение од деветгодишното основно балетско образование до завршување на учебната 2022/2023 година.

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

Наставна програма

# МОДЕРЕН БАЛЕТ

за II (второ) одделение

шестгодишно основно балетско образование

Скопје, 2020 година

| | |
|---|---|
| **Назив на наставната програма** | Модерен балет |
| **Тип на наставна програма** | Задолжителна |
| **Година на изучување** | II- ро одделение |
| **Број на часови неделно/годишно за реализација на наставната програма** | 2 часа / неделен фонд<br><br>72 годишен фонд |
| **Цели на наставна програма** | Општите цели на наставната програма по наставниот предмет модерен балет се ученикот/ученичката да се стекне со знаења и вештини за:<br>- Развивање позитивни ставови кон работата со телото како инструмент ;<br>- Да развие љубов кон балетот и танцовата уметност;<br>- Основите на модерниот балет;<br>- Усвоеност на основниот стручен вокабулар;<br>- Правилна техничка интерпретација на движењата од модениот балет;<br>- Изведба на основните елементи од модерниот балет зајакнување на мускуниот апарат на целото тело и координацијата;<br>- Експресивна интерпретација на движењата и елементите од модерниот балет; |

| | |
|---|---|
| Наставни теми | • **Запознавање со модерниот балет**<br>• **Движења на под**<br>• **Движења на средина НА салата**<br>• **Дијагонали**<br>• **Активности за развивање на креативноста** |
| Материјално-технички  и просторни услови | За постигнување на целите на наставата по модерен балет задолжително е задоволување на просторните услови дефинирани според регулативата за изведување на овој тип на настава односно училишта од овој профил. Во однос на материјално-техничките услови наставата по овој предмет се реализира со помош на аудио средства и записи. Моделите за реализација на наставата по овој предмет нужно претпоставуваат нагледни средства како видео запис, илустрации, фотографии, аудио помагала, користење на новите технологии и сл. |
| Норматив за наставен кадар | **Наставата по предметот  Модерен балет може да ја изведува лице кое завршило:**<br>• Студии по балетска педагогија, насока современ танц , VII/1 или 240 ЕКТС;<br>• Студии по балетски педагогија,  насока модерен балет, VII/1 или 240 ЕКТС. |

| | Тема 1. ЗАПОЗНАВАЊЕ СО МОДЕРНИОТ БАЛЕТ (4 часа) | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Ред. број** | **Резултати од учење** | **Содржини и поими** | **Активности и методи** | **Критериуми на оценување** |
| 1 | **Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна да:**<br><br>-го препознава и разликува модерниот балет од другите танцови форми<br><br>- ја воочува техниката на изведување на движењата | **Содржини:**<br>**Вовед во модерниот балет**<br>- Теоретско и визуелно запознавање со правецот<br>- Практично согледување<br><br>**Поими:**<br>- модерен балет,<br>- техники на изведба | **Активности:**<br><br>-објаснување на поимот модерен балет;<br>-практична презентација на движења од модерниот балет<br>- работа во групи, двојки и индивидулано;<br>- презентација на видео записи и илустрации од модерниот балет<br>- следење на модерно балетско дело<br><br>**Методи:**<br><br>- перцептивно-тактилна демонстрација на вежбата од страна на педагогот<br>- демонстрација на вежбата со вклучување на ученикот | **Ученикот/ученичката може да:**<br>1.1.проследи и препознае модерно балетско дело<br>1.2.го препознава модерниот балет и неговите техники<br>1.3.ги совладува основните движења од модерниот балет<br>1.4. ги координира движењата и правилно ритмички да ги изведува<br>1.5. покажува потенцијал за понатамошен развој во модерниот танц |

| | Тема 2. ДВИЖЕЊА НА ПОД (25 ЧАСА) | | | |
|---|---|---|---|---|
| Ред. број | Резултати од учење | Содржини и поими | Активности и методи | Критериуми на оценување |
| 1 | **Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна да:**<br><br>- ја владее елементарната терминологија во модерниот балет<br><br>- покаже совладаност на различни техники на дишење<br><br>- го релаксира телото при промени и трансфери<br><br>- користи дел од основните елементи на модерниот танц (промена на правци, промена на тежина, ритам) | **Содржини:**<br>**Поставување на телото на под**<br>- Дишење<br>- Релаксација<br>- Промена на правец<br>- Промена на тежина<br>- Ритам<br><br>**Поими:**<br>- седечка положба на телото<br>- лежечка положба на телото<br>- вдишување - издишување<br>- ослободување на тело<br>- правци<br>- трансфер на тежина<br>- ритам, темпо, динамика | **Активности:**Објаснување и практична презентација;<br><br>- вежби во седечка положба на телото<br><br>- вежби во лежечка положба на телото<br><br>- вежби за дишење и релаксација на телото<br><br>- вежби со промена на правци, промена на тежина, ритам<br><br>**Форми на работа:** работа во групи, двојки и индивидулано<br>**Методи:**<br>- перцептивно-тактилна<br>- демонстрација на вежбата од страна на педагогот<br>- демонстрација на вежбата со вклучување на ученикот | 1.1. правилно да го изведува движењето<br>1.2. демострира точни положби на телото<br>1.3 ја исполнува прецизно нормата пропишана со методиката на изведба на елементот<br>1.4. соработува и ги исполнува зададените задачи<br>1.5. покажува способност за изведба на комбинирани елементи со променлива метро ритмичка шема |

| Тема 3. ДВИЖЕЊА НА СРЕДИНА НА САЛАТА(25 часа) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Ред. број** | **Резултати од учење** | **Содржини и поими** | **Активности и методи** | **Критериуми на оценување** |
| 1 | **Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна да:**<br><br>- се ориентира во просторот, користејќи различни правци и насоки на движење<br><br>- ги совлада и правилно изведува елементите<br><br>- може да препознава и проценува правилна изведба | **Содржини:**<br>**Поставка на средина на салата**<br>- Дефинирање на сценскиот изведувачкиот простор (во салата)<br><br>- Промена на правците во изведбата<br><br>**Поими:**<br>- точки во салата<br>- ориентација | **Активности:**<br><br>-презентација на основните ориентациски точки<br><br>- демонстрација од страна на балетскиот падагог<br><br>- користење на различните точки, правци и насоки<br><br>**Методи:**<br>- резентација<br>- практична примена и проверка<br>- видео проекции | **Ученикот/ученичката може да:**<br>1.1 повторува правилна изведба на изучените елементи<br>1.2 самостојно ги одредува точките во изведувачкиот простор<br>1.3 ги изведува елементите прецизно според нормата пропишана со методиката на изведба<br>1.4 ја менува ориентацијата согласно дадените упатства самостојно |
| 2 | - да ги препознава отворените и паралелните позиции на нозе<br><br>- правилно да ги изведува паралелните позиции на нозете на средина од салата | **Содржини**<br>**Позиции на нозе I, II, IV**<br><br>Движење со користење на позициите<br><br>Странични и кружни | **Активности:**<br><br>- вежби за отворени и паралелни позиции на нозете<br><br>- вежби со вклучување на елементите странични и кружни | 2.1. ја повторува правилната форма на позициите на средина на салата<br>2.2. демонстрира сигурна интерпретација според зададени инструкции на паралелните позиции на нозете |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | -да знае да препознае и изведе странично и кружно спинално истегнување<br><br>-да знае да преознае и изведе roll down и roll up<br><br>-да може да препознава правилна изведба и точната просторна поставка | истегнувања<br><br>Roll down и roll up во прва паралелна позиција<br><br>**Поими:**<br>- паралелни позиции на нозе<br>- странични и кружни истегнувања<br>-roll down, roll up | спинални истегнувања<br><br>- вежби со користење на roll down и roll up<br><br>**Методи:**<br>- перцептивно-тактилна<br>- демонстрација на вежбата од страна на педагогот<br>- се презентираат видеа кои ги содржат елементите што се изучуваат<br>- демонстрација на вежбата со вклучување на ученикот | 2.3. прави разлика помеѓу отворените и паралелните позиции на нозе<br>2.4. употреби странични и кружни истегнувања во зададена паралелна позиција на средина од салата<br>2.5 постигне правилна изведба на roll down и roll up во прва паралелна позиција |

| Тема 4. ДИЈАГОНАЛИ (10 часа) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Ред. број** | **Резултати од учење** | **Содржини и поими** | **Активности и методи** | **Критериуми на оценување** |
| 1 | **Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна да :**<br><br>- се движи низ просторот користејќи дијагонали<br><br>- ги поврзува елементите од срединна на салата преку движење во дијагонала<br><br>- правилно демонстрира видовите одење во модерниот балет | **Содржини**<br>**Движење во простор**<br>**Видови на одење во модерниот балет**<br><br>**Поими:**<br>- Просторна ориентација<br>- Дијагонала<br>- Видови одење | **Активности:**<br>- вежби од модерниот балет со изведба во дијагонала<br>- демонстрација на дадените елементи од модерниот балет и нивните комбинации<br>- презентација на видео записи од дадените елементи и нивните комбинации<br>- организирана посета на повисоките класови<br>**Методи:**<br>- Практично и теоретско образложување на елементите<br>- Дискусија и анализа | **Ученикот/ученичката може да:**<br><br>1.1 го користи целиот простор од салата и дијагоналите<br>1.2 покажува умешност во комбинирање на елементите изведени во дијагонала<br>1.3 презентира различни видови одење<br>1.4 правилно ритмички ги исполнува зададените задачи по барање на наставникот<br>1.5 ја менува движечката пулсација во склад со музиката |

| Тема 5. АКТИВНОСТИ ЗА РАЗВИВАЊЕ НА КРЕАТИВНОСТА (8 часа) | | | |
|---|---|---|---|
| **Резултати од учење** | **Содржини и поими** | **Активности и методи** | **Критериуми на оценување** |
| **Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна да :**<br><br>- ги разликува и почитува принципите на импровизација во изведбата<br><br>- постигнува умешност во примена на својата креативност при владеење со просторните координати,<br><br>- комбинира и усовршува игра во група и индивидуално,<br>- ја користи имагинацијата при развивањето на танцовиот/уметничкиот израз<br><br>- постигне слобода при движењето | **Содржини**<br><br>**Развој на танцов израз, Импровизација**<br><br>**Поими:**<br>- Танцов/уметнички израз<br>- Експресија<br>- Импровизација | **Активности:**<br>- вежби со користење на насоки за импровизација<br>- комбинирање на изучените елементи во креативниот процес<br>- вежби за развој на танцовиот/уметничкиот израз<br>- вежби за изразување на индивидуалната имагинација и креација преку слобода при движењето<br><br>**Методи:**<br>- импровизација<br>- групна и индивидуална<br>- демонстрација од страна на педагогот | **Ученикот/ученичката може да:**<br><br>1.1. ги воочува и препознава принципите на импровизација во модерниот балет<br>1.2 правилно ги изведува и комбинира совладаните елементи<br>1.3 демонстрира способност за просторна ориентација при изведба во група и индивидуално<br>1.4 покажува танцов уметнички израз во индивидуалниот развоен креативен процес<br>1.5 импровизира во согласност со дадената музичка рамка |

| | |
|---|---|
| **Оценување на постигањата на учениците** | За да се оценат постигнувањата на ученикот/ученичката неопходно е:<br>- да се согледа иницијалната состојба на ученикот/ученичката (согледување на неговите природни предиспозиции );<br>- да се следи континуирано ученикот/ученичката за да се добијат сознанија за неговиот напредок, развој, степенот на разбирање на поимите и правилата за нивната примена, оспособеноста за реализација на активностите,<br>- континуирано следење на односот на ученикот/ученичката кон работата, соработката со врсниците, покажаната иницијативност, љубопитност, самостојност, точност во искажувањето и истрајност во извршувањето на активностите;<br>- континуирано утврдување и проверка на стекнатите знаења, способности и вештини во предвидените активности.<br>Оценувањето на постигањата на учениците ќе биде со бројчана оценка (од 1 до 5). Постигнувањата на учениците се оценуваат континуирано во тек на наставниот процес. Во тек на првото и третото тромесечие се спроведува колоквиум пред комисија. Наставникот преку годината подготвува полугодишен и годишен контролен испит кој се оценува комисиски. |
| **Почеток на имплементација на наставната програма** | Учебна 2020/2021 година |
| **Институција/ носител на програмата** | Биро за развој на образованието |

| | |
|---|---|
| Потпис и датум на донесување на наставната програма | бр. 12-5971/14<br>17.08.2020 година<br>МИНИСТЕР,<br>Dr. Arbër Ademi<br>______________________ |